# ГОЦЕ НАНЕВСКИ СИСТЕМ-И
# GOCE NANEVSKI SISTEM-S



**МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ - MUSEUM OF THE CITY OF SKOPJE**





Изложбата “Систем - и” од Гоце Наневски е своевидна инсталација од 19 елементи од повеќе скулпторски целини работени во периодот 1999 - 2002 година. Тие се поставени во квадратна основа во која формираат меѓусебна мобилна просторна тензија.

Авторскиот интерес на Наневски главно е упатен кон широкиот ареал од програмските блокови присутни во доцниот модернизам. Забележителна е неговата наклонетост кон редуцирани, геометризирани форми блиски до минимализмот. Делата настојуваат да остварат снажна присутност во просторот делувајќи притоа на гледачот со примарноста на формите.

Оваа метафорична акумулација на еден четиригодишен труд во основа е предизвикана (и овозможена) од мобилниот карактер на делата. Тие како да се во некоја постојана тенденција да се најдат во нови меѓуодноси, ниту една состојба не ги задоволува, нивната целина е во потенцијалот да овозможуваат нови доживувања во зависност од просторот и од нивната нова меѓусебна игра.

Интересно е дека во делата на овој млад уметник може да се забележи, веројатно несвесната желба за помирување или заемна коегзистенција на инаку два противречни принципа - хоризонталната пластика и тотемскиот модус. Во неговиот случај се работи за хоризонталната (или подната) распространетост на скулптурите, особеност на неговата поранешна фаза и доминантноста на вертикалата во делата од последниот период. Во првиот случај мобилниот принцип има желба да се реализира во освојувањето на подната површина, настојува побликата да ја вметне во новосоздадениот простор, постојано е во однос со архитектурата итн. а во вториот вертикалата е оска околу која се одвива целото пластичко случување и на изразот и на перцепцијата. Тоа се две противречни состојби - да се биде во нешто и околу нешто да се кружи. Наневски често ги изложува делата од овие условно одредени периоди како самостојни реализации, но за оваа изложба во Музејот на град Скопје направи среќно решение кое ги толкуваше сите дела како елементи од кои ќе биде реализирана една изложба но не како збир на повеќе дела, туку во форма на просторно решение во кое елементите се во вкупен зависен однос. Впечаток е дека мобилниот карактер на делата од двете фази на авторот е носечкиот елемент кој ги овозможува овие навидум непомирливи врски.

Иако е вон контекст од претходниот след, но за овој млад скулптор не може а да не се обележи неговата наклонетост кон мајсторисувањето. Влијанијата од минимализмот, кој подразбира индустрска обработка на материјалот, во (не само) неговиот случај се реализира како изработка која од реализаторот бара вештина и трпеливост. Наневски се наоѓа на сопствена територија кога е опкружен со материјалите и алатот за нивна обработка. Фасцинацијата од нив во голема мерка го одредува изразот и концептот на неговите дела.

Лазо Плавевски

The exhibition "System-s" by Goce Nanevski is a kind of installation composed of 19 elements of several sculpture entities made in the period 1999 - 2002. They are arranged in a square basis within which they form a mutual spatial tension.

The artistic interest of Nanevski is mainly aimed towards the wide area of program blocks of the late Modernism. His tendency towards reduced, geometricizied forms, close to the minimalism is obvious. His works tend to reach a strong presence in space influencing the viewers with the primal features of the forms. This metaphorical accumulation of a four years work is basically provoked (and provided) by the mobile character of the works. They seem to be in a constant tendency of getting into new inter-relations, no condition satisfies them, their wholeness lies in the potential to enable new experiences depending on the space and their new mutual game.

It is interesting that the works of this young artist bear, probably his involuntary desire for reconciliation or for mutual coexistence of these two, normally, contradictory principles - the horizontal plastic and the totemic modus. In this case we have the horizontal (floor) disposition of the sculptures, a distinction of his earlier phase and the dominance of the vertical in the works from his latest period. In the first case the mobile principle tends to realize itself by conquering the floor surface, it tends to involve the audience into the newly created space, it is constantly in relation to the architecture etc., while in the second case the vertical is the pivot around which the entire plastic occurrence is taking place, both of the expression and the perception. These are two contradictory conditions - to be in something and to circle around something. Nanevski often exhibits his works from these periods as independent achievements, but for this exhibition in the Museum of the City of Skopje he made a happy solution, considering all his works as elements of which an exhibition can be composed, but not as a collection of several works but as a form of spatial solution in which the elements are in a total dependent relation. The impression is that the mobile character of the works in both artist's phases is the supporting element that makes possible all these seemingly unrelated links.

Although this is out of the context of the previous order, we cannot avoid noting that this young sculptor has an affinity towards skilled work. The influences of the minimalism, that presupposes an industrial processing of the material in (not only) his case is realized as an achievement that requires of the artist skill and patience. Nanevski is on his own territory when surrounded by the material and the tools for its processing. The fascination by them determines to a large extent the expression and the concept of his works.

Lazo Plavevski






СИСТЕМ - Н
ГОЦЕ НАНЕВСКИ
GOCE NANEVSKI
SYSTEM - N



**ГОЦЕ НАНЕВСКИ**

Роден 1974. во Скопје. Дипломирал на ФЛУ- Скопје (Педагошки оддел) во 1996. Ги завршил постдимипломските студии на истиот факултет во 2002. Адреса: ул. Фуштанска бр. 33 б, 1000 Скопје, Р. Македонија. тел. ++ 02 533 581; ++ 02 070 69 22 59 Самостојни изложби: 1998, Скопје, Младински културен центар; 2002, Скопје, Систем-и, Музеј на град Скопје. Групни изложби: 2000, Скопје, СИАБ, Музеј на град Скопје; Зимски салон на ДЛУМ, Музеј на град Скопје; 2001, Скопје, Биенале на младите, Музеј на современата уметност; 2002, Скопје, Годишна изложба на ДЛУМ, Музеј на град Скопје. Добитник е на наградата "Јордан Грабул" за скулптура на ДЛУМ во 2000.

**GOCE NANEVSKI**

Born in Skopje, 1974. Faculty of Fine Arts in Skopje, BFA 1996, MA 1992 . Address: Fustanska 33 b, 1000 Skopje, R. Macedonia Phone. ++ 389 2 533581; 389 70 692259 e-mail: gosculp@mol.com.mk. Solo exhibitions: 1998, Skopje, Youth Cultural Center; 2002, Skopje, Sistem-s, Museum of the City of Skopje. Selected group exhibitions: 1991, Rijeka, 16th Yugoslav Youth Biennia; 1992, Skopje, 3th. Youth Biennial, MSU; 1993, Skopje, 4th Youth Biennial, MSU; 1994, Skopje, Image Box, First Annual Exhibition of SCCA; 1995, Skopje, 9 1/2 , New Macedonian Art, MSU; 1996, Skopje, Cifte Amam 2; 1997, Award: "Jordan Grabul" for sculpture, DLUM

***Изложбата и каталогот се реализирани со поддршка на Министерството за култура на Република Македонија***
***The exhibition and the catalogue are supported by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia***

*Издавач: Музеј на град Скопје; Одговорен уредник: Ѓорѓи Чулаковски; Организација на изложбата: Лазо Плавевски; Текст: Лазо Плавевски; Превод на англиски: Маја Хаџимитрова Иванова; Фотографии: Станимир Неделковски (стр.6 доле Никола Наневски); Дизајн и подготовка на каталог: Фросина Зафировска; Печати: Скенпоинт; Тираж: 500; Реализација: Музеј на град Скопје, април - мај 2002 Publisher: Museum of the City of Skopje; Editor-in-chief: Gorgi Culakovski; Organization of the exhibition: Lazo Plavevski; Texte: Lazo Plavevski; Translation: Maja Hadzimitrova Ivanova; Photographs: Stanimir Nedelkovski (pg. 6 down Nikola Nanevski); Layout: Frosina Zafirovska; Printed by: Skenpoint; Realisation: Museum of the City of Skopje, April - May 2002*